НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
02-12-2024
02 40735/1

ДО НАРОДНА БАНКА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен приста до информации од јавен карактер Службен весеник на Република Северна Македонија бр. 101/2019. Год.) од Народна банка како надзорен орган над работата на банките, ја барам следната информација од јавен карактер.

Дали лице апатрид кое живее во Австралија, а поседува недвижен имот ( стан ) во Скопје има право да го продаде на наш државјанин во девизи а истите да му бидат уплатени на неговата австралиска сметка од страна на наша бенка, и ако тоа спогодбено и доброволно го напишат и потпишат во договорот за купопродажба заверен на нотар.

Би Ве замолил ако е можно нешто повеќе за постапката и потребната документација за да би можел да се изврши овој трансфер.

Инаку лицето сопственикот на станот ( продавачот ) е во Австралија ама има оставено полномошно изготвено и заверено од нотар да можиме во негово име и за негова сметка да ги превземиме сите потребни активности пред нашите органи околу продажбата на станот и располагање со средствата, ( парите )

Ве замолувам информацијата да ми биде доставена во писмена форма, преку пошта во законски предвидениот рок на следната адреса

Б А Р А Т Е Л

_______________________

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 13 декември 2024 година донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот примено во Народната банка на Република Северна Македонија на 2 декември 2024 година со број 02-40735/1, СЕ ОДОБРУВА.

2. Во врска со прашањето за плаќање во странство наведено во барањето, од значење се Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21) и Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр.141/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 41/19, 38/20, 7/21 и 74/22).

Наведената регулатива не забранува физичко лице резидент кое има намера да се стекне со недвижност во Северна Македонија којашто е во сопственост на нерезидент, и да го изврши плаќањето во странска валута. Напоменуваме дека резидентниот статус се определува согласно со дефиницијата од членот 2 од Законот за девизно работење.

Согласно со точка 41 став 1 алинеја 8 од Упатството, за плаќање врз основа на купување недвижност во Република Северна Македонија која ја поседувал нерезидент, налогодавачот резидент е должен до овластената банка да поднесе доказ за извршен упис во регистарот на недвижности на нерезиденти во Република Северна Македонија при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Заради извршување на платежната трансакција, во врска со постапката и потребната документација Ве упатуваме Вас или купувачот на недвижноста да се обратите до овластената банка во нашата земја со која имате воспоставено деловен однос или преку која би одлучиле да се изврши плаќањето, која врз основа на документи за идентификација и други документи соодветно би Ви укажала за начинот и постапката за вршење на платежната трансакција..

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-340
**www.nbrm.gov.mk**

## О б р а з л о ж е н и е

На 2 декември 2024 година од страна на барателот
е поднесено Барање за информација од јавен карактер заведено со број 02-40735/1. Со Барањето, барателот бара информација дали лице апатрид кое живее во Австралија, а поседува недвижен имот во Скопје има право на наш државјанин да го продаде, а трансакцијата да биде направена во девизи и истите да му бидат уплатени на неговата австралиска сметка од страна на наша банка, ако тоа го потпишат спогодбено во договорот за купопродажба заверен на нотар.

Во барањето барателот замолува информации за постапката и потребната документација. Барателот појаснува дека сопственикот на недвижниот имот има оставено полномошно изготвено на нотар за да може друго лице во негово име и за негова сметка да ги преземе сите потребни активности пред нашите органи околу продажбата на станот и располагање со средствата.

Имајќи предвид дека Народната банка располага со бараната информација и истата претставува информација од јавен карактер, на барателот му се доставува одговор во врска со неговото барање.

Бр.02-40735/2
16 декември 2024 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SHKUP
СКОПЈЕ

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право
на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Изработил: Антица Панева Петрова
Контролирал: Светлана Димитриеска
Сара Булукова Давкова